**ОПШТИНА КОНЧЕ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 15 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 162/10,157/11,147/13,41/14,33/15,193/15 и 53/2016) Градоначалникот на Општина Конче ја донесува следната:

# Годишна Програма за работа на Одделението за инспекциски надзор-Инспекторат за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година

## ВОВЕД

Врз основа на член 15 од Законот за инспекциски надзор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 50/10, 162/10,157/11,147/13,41/14, бр.33/15, бр.193/15 и 53/2016), се изготвува Годишна Програма за работата на инспекторите во Одделението за инспекциски работи во тековната за наредната година, односно за периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година.

Во Годишната Програма се презентирани активностите на инспекторите од Одделението за инспекциски работи кои ќе бидат превземени со цел исполнување на законските надлежности за вршење на инспекциски надзор од надлежност на Општина Конче, како во однос на постоечката законска регулатива, така и во однос на можните измени и дополни на поединечните законски и подзаконски акти.

Одделението за инспекциски работи на Општина Конче има вкупно 2 вработени, и 2 со договор за користење услуга од Радовиш кои покриваат 4 различни области и тоа:

1. овластен комунален инспектор
2. овластен градежен инспектор
3. овластен инспектор за сообраќај и патишта
4. овластен помлад инспектор за животна средина

Заради различните сфери на работа, Програмата за работа на Одделението се изготвува и презентира по инспектори.

Исто така и потребните услови за спроведување на Годишната Програма се дадени по инспектори, согласно со поединечните потреби и согледувањата на инспекторите од нивното досегашно работење.

Финансиските средства за спроведување на надлежностите на инспекторите се предвидени во Буџетот на Општина Конче за 2020 година.

За реализација на Годишната Програма ќе биде изготвен Годишен извештај и доставен до Советот на Општина Конче.

## 1. Општински комунален инспектор

При изготвувањето на Програмата за работа на општинскиот комунален инспектор за 2020 година се земени во предвид надлежностите на општинскиот комунален инспектор утврдени со материјалните законски и подзаконските акти, нивните измени и дополнувања и тоа:

1. Закон за комунални дејности (Сл. весник на Р.М. бр.95/12, бр.163/13, бр.42/14, бр.44/15,бр.147/15 и 31/2016);

2. Закон за јавна чистота (Сл. весник на Р.М. бр.111/2008,бр.64/2009, бр.88/2010, бр.114/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.80/12, бр.163/13, бр.44/15, бр.147/15 ; и 31/2016);

3. Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (Сл. весник на Р.М. бр.68/2004г, бр.28/06 бр.103/2008, бр.17/11, бр.163/13, бр.44/15,бр.147/15; 31/2016 и 95/2019);

4. Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти (Сл. весник на Р.М. бр.66/06, бр.55/2007, бр.163/13 и бр.147/15);

5. Закон за гробишта и погребални услуги (Сл. весник на РМ бр.86/2008, бр.156/2010, бр.163/13,бр.152/15 и 31/2016);

6. Закон за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр.68/2004, бр.71/2004, бр.107/2007; бр.102/08; бр.134/08; бр.163/13, бр.51/15, бр.146/15, бр.156/15, 39/16 и 63/16);

7. Закон за управување со пакување и отпад од пакување (Сл. весник на РМ бр.161/09, бр.163/13,146/2015 и 39/2016);

8. Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РМ бр.50/2010, бр.162/10, бр.157/11,147/13, бр.41/14, бр.33/15, бр.193/15 и 53/2016);

9. Закон за општа управна постапка (Сл. весник на РМ бр.124/2015);

10. Закон за прекршоци (Сл. весник на РМ бр.124/2015 и Одлука У.бр.87/2015 09.11.2016 год.);

11. Закон за постапување по претставки и предлози (Сл. весник на РМ бр.82/2008, 56/09, 13/13, 156/15 и 193/15);

12. Закон за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр.5/2002);

13. Закон за административни службеници (Сл. весник на РМ бр.27/2014, 48/15, 154/15, 5/16, Одлука У.Број: 147/2014-0-1 од 13.04.2016, Одлука У.Број: 74/2014-0-1 од 29.06.2016, Сл. весник на РМ 142/2016, Одлука У.Број: 163/2014-0-1 од 27.12.2016 и Одлука У.Број: 121/2015-0-1 од 01.02.2017 )

14. Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност (Сл. весник на РМ бр.199/2014 и 147/15)

15. Закон за заштита на личните податоци (Сл. весник на РМ бр.7/2005, бр.103/08, бр.124/10, бр.135/11, бр.43/14,153/15 и 99/2016).

16. Одлука за јавна чистота и комунален ред на Општина Конче и др.

17. Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополненија на наведените, кои ќе се донесат во 2020 година а се во надлежност на комуналниот инспектор.

Програмата опфаќа задачи и активности кои ќе ги извршува еден општински комунален инспектор во текот на 2019 година и е систематизирана по области и тоа: инспекциски надзор,проектни активности, обуки и работни состаноци, аналитичко- информативна дејност, соработка со другите Одделенија од Општина Конче и другите органи на државно и локално ниво, нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор и Одлуката за комунален ред на Општина Конче, цели и начела на делување на Општинскиот комунален инспектор и Образложение.

**1. Испекциски надзор:**

Испекцискиот надзор согласно со Законот за инспекциски надзор се спроведува како:
- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Инспекцискиот надзор се врши над работењето на Јавното комунално претпријатије утврдени со Законот за комунални дејности, над физички лица, и физички и правни лица на кои Општина Конче им дала дозвола за вршење на комунална дејност и согласно тоа инспекторот е должен:

➢ **да врши редовен инспекциски надзор** и тоа на:

-одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини во летен и зимски период;
- расчистување на снег пред деловните објекти, пред индивидуални и колективни стамбени згради;
- одржување и поставување на комунална опрема;
- одржување и користење на паркови
- одржување на чистотата на јавните паркиралишта од значење на општина Конче, утврдени со урбанистички планови;
- снабдување со вода за пиење од водоснабдителени системи на општина Конче;
- одведување и испуштање на атмосферските води;
- одведување и пречистување на урбаните отпадни води;
- одржување на чистотата на гробишта и на придружните објекти;
- одржување и користење на речните корита во урбаниот дел;
- одржување на чистотата на пазарот;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како корисници на комуналните услуги;

- инспекциски надзор над физичките и правните лица како даватели на комунални услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни преставки од физички и правни лица;

- **<u>да врши контролни инспекциски надзори:</u>** се вршат за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.
  *Рок: континуирано јануари – декември*

- **<u>да врши вонреден инспекциски надзор</u>** и тоа: по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица кога ќе согледааат неправилности согласно законските одредби, како и во случај на сомневање на инспекторот за сторена повреда на Законот.
  *Рок: континуирано јануари – декември*

- **<u>да води управна постапка и тоа:</u>** врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија согласно одредбите од Законите каде има недлежност ;
  *Рок: континуирано јануари – декември*

- **<u>да води мандатни постапки</u>** и тоа: секогаш кога ќе се утврдат сторени прекршоци согласно Законот за јавна чистота, Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води и Закон за комунални дејности.
  *Рок: континуирано јануари – декември*

- **<u>да спроведува постапки за порамнување</u>** и тоа: секогаш кога ќе се согледааат неправилности согласно одредбите од Законите каде има надлежност.
  *Рок: континуирано јануари – декември*

- **<u>да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или прекршочен орган во Министерството за транспорт и врски</u>** и тоа: согласно одредбите од Законите каде има недлежност.
  *Рок: континуирано јануари – декември*

- **<u>да врши едукација</u>** и тоа: согласно одредбите од Законите каде таквата мерка е пропишана.
  *Рок: континуирано јануари – декември*

- **<u>да поднесува жалби</u>** и тоа: согласно одредбите од Законите каде има надлежност.
  *Рок: континуирано јануари – декември*

- **<u>Води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход</u>**;
  *Рок: континуирано јануари – декември*

- **<u>Прима странки</u>**;
  *Рок: континуирано јануари – декември*

**2. Обуки:**

Комуналниот инспектор ќе зема учество на семинари, работилници, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони, подзаконски акти, Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор и нивните измени и дополнувања во тековната 2020 година, во организација на ЗЕЛС, Министерство за транспорт и врски, Зрдужението на комунални инспектори на Р.М. и др. надлежни државни органи и други организации.

-Генерички обуки

**3. Проектни активности:**

Општинскиот комунален инспектор во 2020 година, ќе учествува во реализација на разни активности чија цел е подобрување на чистотата во градот, подигнување на свеста на граѓаните и навремено и квалитетно извршување на услугите кои ги дава јавното претпријатије.

**4. Аналитичко- информативна дејност:**

Општинскиот комунален инспектор врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2020 година е должен да доставува податоци за извршена работа до Раководителот на одделението за инспекциски работи врз основа на тие податоци ќе се изготвуваат месечени извештаи, квартални извештаи и годишен извештај кој ке се доставуваат до Градоначалникот на општина Конче:

-месечни извештаи за работата на Општинскиот комунален инспектор;

**Рок: континуирано, 2020 година**

-шестомесечни извештаи за работата на Општинскиот комунален инспектор за 2020 година;

**Рок: контуинирано, 2020 година**

-годишен извештај за работата на Одделение за инспекциски работи за 2020 година;

**Рок: февруари, 2020 година**

**5. Соработка на Општинскиот комунален инспектор:**

Општинскиот комунален инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработува со инспекторите во Општина Конче,Одделенијата во општината Конче, како и со другите органи на државно и локално ниво, јавното претпријатије и пред сé со граѓаните на Општина Конче.

**Рок: по потреба во текот на годината**

**6. Нормативна дејност:**

Општинскиот комунален инспектор, по потреба, ќе продолжи и со активностите за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно

спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на Општина Конче.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле и разграничиле надлежностите на комуналниот инспектор, а со тоа и нивната теренска работа би била поефикасна.

## 7. Цели и начела на делување на Општинскиот комунален инспектор

- Општинскиот комунален инспектор (во понатамошниот текст инспектор) врши инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на комуналните работи кои се во надлежност на Општина Конче, согласно законските прописи и општи акти на Република Македонија;
- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;
- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;
- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;
- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;
- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;
- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што осебено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;
- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;
- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;
- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш

кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот;

**8. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Општинскиот комунален инспектор се предвидува превземањето на мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од обласа на комуналните дејности и подобрување на условите за живот на граѓаните во Општина Конче.

## 2.Овластен градежен инспектор

При изготвувањето на Програмата за работа на Овластениот градежен инспектор за 2020 година се земени во предвид надлежностите на Овластениот градежен инспектор утврдени со материјалните законски и подзаконските акти, нивните измени и дополнувања и тоа:

1. Закон за градење (Сл.Весник на Р.М. бр.70/2013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16,71/16, Одлука У.Број: 114/2015-0-1 од 11.05.2016 и Сл.Весник на Р.М. бр.132/2016 и 35/2018);
2. Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РМ бр.50/2010, бр.162/10, бр.157/11,147/13, бр.41/14, бр.33/15, бр.193/15 ; 53/2016; и 102/2019);
3. Закон за општа управна постапка (Сл.весник на РМ бр.124/2015);
4. Закон за прекршоци (Сл.весник на РМ бр. 124/2015 и Одлука У.бр.87/2015 од 09.11.2016 год.);
5. Закон за постапување по претставки и предлози (Сл. весник на РМ бр.82/2008, 56/09, 13/13, 156/15 и 193/15);
6. Закон за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002);
7. Закон за административни службеници (Сл. весник на РМ бр.27/2014, 48/15, 154/15,5/16, Одлука У.Број: 147/2014-0-1 од 13.04.2016, Одлука У.Број: 74/2014-0-1 од 29.06.2016, Сл. весник на РМ 142/2016, Одлука У.Број: 163/2014-0-1 од 27.12.2016 и Одлука У.Број: 121/2015-0-1 од 01.02.2017).
8. Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополненија на наведените, кои ќе се донесат во 2020 година а се во надлежност на градежниот инспектор.

Програмата опфаќа задачи и активности кои ќе ги извршува еден Овластен градежен инспектор во текот на 2020 година и е систематизирана по области и тоа: инспекциски надзор, обуки и работни состаноци, аналитичко- информативна дејност, соработка со другите Одделениа од Општина Конче и другите органи на државно и локално ниво, нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор, цели и начела на делување на Овластен градежен инспектор и Образложение.

**1. Испекциски надзор:**

Испекцискиот надзор согласно со Законот за инспекциски надзор се спроведува како:
- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Инспекцискиот надзор се врши над градби од втора категорија согласно тоа инспекторот е должен:

- **<u>да врши редовен инспекциски надзор и тоа:</u>** над издадените одобренија за градење, над работата на правните лица-изведувачи, над изградба на објекти со одобрение за градење;изградба на објект кога во него се врши пренамена на конструктивните елементи во поглед на нивната механича отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, како и пренамена од станбен во деловен простор и обратно; и др.
- *Рок: континуирано јануари – декември*
- **<u>да врши вонреден инспекциски надзор:</u>** по поднесени пријави и иницијативи од државни органи, физички и правни лица кога ќе согледааат неправилности согласно законските одредби, како и во случај на сомневање на инспекторот за сторена повреда на Законот.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*
- **<u>да врши контролни инспекциски надзори</u>:** да се утврди дали е постапено по инспекцискиот акт, по истекот на рокот определен во самиот инспекциски акт, со кој е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот и вонредниот инспекциски надзор.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*
- **<u>да води инспекциска постапка</u>**: врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија согласно одредбите од Законите каде има надлежност.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*
- **<u>да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд</u>** и тоа: согласно одредбите од Законите каде има надлежност.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*
- **<u>да врши едукација</u>** и тоа: согласно одредбите од Законите каде таквата мерка е пропишана.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*
- **<u>да поднесува жалби</u>** и тоа: согласно одредбите од Законите каде има надлежност.
  *Рок: по потреба во текот на годината.*
- **<u>води евиденција за покренатите постапки и за нивниот исход</u>**;
  *Рок: континуирано јануари – декември.*
- **<u>Прима странки</u>**;
  *Рок: континуирано јануари – декември*

**2. Обуки:**

Овластениот градежен инспектор ќе зема учество на семинари,работилници, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони, подзаконски акти, Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор и нивните измени и

дополнувања во тековната 2020 година, во организација на ЗЕЛС, Министерство за транспорт и врски и др. надлежни државни органи и други организации.

-Генерички обуки

**3. Аналитичко- информативна дејност:**

Овластениот градежен инспектор врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2020 година е должен да доставува податоци за извршена работа до Раководителот на оделение за инспекциски работи врз основа на тие податоци ќе се изготвува месечени извештаи, шесто месечни извештаи и годишен извештај кој ќе се доставува до Градоначалникот :

-месечни извештаи за работата на Овластениот градежен инспектор;

**Рок: континуирано, 2020 година**

- Шестомесечни извештаи за работата на Овластениот градежен инспектор за 2020 година;

**Рок: контуинирано, 2020 година**

-годишен извештај за работата на Оделението за инспекциски работи за 2020 година;

**Рок: февруари, 2021 година**

**4. Соработка на Овластениот градежен инспектор:**

Овластениот градежен инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со Инспекторите во Општината, како и со другите Одделениа во Општина Конче, органите на државно и локално ниво, и пред се со граѓаните на Општина Конче.

**Рок: по потреба во текот на годината**

**5. Нормативна дејност:**

Овластениот градежен инспектор, по потреба, ќе продолжи и со активностите за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, се со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на Општина Конче.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле и разграничиле надлежностите на градежниот инспектор, а со тоа и нивната теренска работа би била поефикасна.

**6. Цели и начела на делување на Овластениот градежен инспектор**

- Овластениот градежен инспектор (во понатамошниот текст инспектор) врши инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од

областа на градежните работи кои се во надлежност на Општина Конче, согласно законските прописи и општи акти на Република Македонија;

- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;
- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;
- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;
- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;
- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;
- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што осебено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;
- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;
- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;
- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот;

**7. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Овластениот градежен инспектор се предвидува превземањето на мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на комуналните дејности и подобрување на условите за живот на граѓаните во Општина Конче.

## 3.Овластен инспектор за сообраќај и патишта

При изготвувањето на Програмата за работа на овластениот инспектор за сообраќај и патишта за 2020 година се земени во предвид надлежностите на овластен инспектор за сообраќај и патишта утврдени со материјалните законски и подзаконските акти, нивните измени и дополнувања и тоа:

1.Закон за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ" бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11 , 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16 ; 71/16;64/18;163/18, и Одлука на Уставен Суд У. Бр. 160/2005 и У. Бр. 66/2014);

2.Закон за јавните патишта („Сл.весник на РМ" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/2015, 116/2015,150/2015,31/16,71/16;163/16, и Одлука на Уставен Суд У. Бр. 160/2009 );

3.Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РМ бр.50/2010, бр.162/10, бр.157/11,147/13, бр.41/14, бр.33/15, бр.193/15 ;бр. 53/2016 ;бр.11/2018и 102/2019);

4.Закон за општа управна постапка („Сл.весник на РМ" бр.124/15);

5.Закон за прекршоци („Сл.весник на РМ" бр.124/15);

6.Закон за постапување по преставки и предлози („Сл.весник на РМ" бр.82/08, 56/09, 13/13 , 156/15 и 193/15)

7.Закон за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02);

8. Закон за административни службеници ((Сл. весник на РМ бр.27/2014, 48/15, 154/15,5/16, Одлука У.Број: 147/2014-0-1 од 13.04.2016, Одлука У.Број: 74/2014-0-1 од 29.06.2016, Сл. весник на РМ 142/2016, Одлука У.Број: 163/2014-0-1 од 27.12.2016 и Одлука У.Број: 121/2015-0-1 од 01.02.2017 ).

9.Закон за Забрана и спречување на вршење нерегистрирана дејност (Сл. весник на РМ,, бр 199/14 и 147/15)

10.Закон за заштита на личните податоци („Сл.весник на РМ" бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14 и 153/15);

11.Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополненија на наведените, кои ќе се донесат во 2020 година а се во надлежност на инспектор за патен сообраќај и патишта.

Целта на оваа Програма е овластениот инспекторот за патен сообраќај и патишта во текот на 2020 година да биде поуспешен при извршувањето на своите секојдневни активности согласно зададените задачи кои може да се систематизираат по области и тоа: Инспекциски надзор; Обуки

и работни состаноци; Аналитичко- информативна дејност; Соработка со други Одделенија од Општина Конче и други органи на државно и локално ниво; Нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка како и Законот за инспекциски надзор; цели и начела на делување на Општинскиот инспектор за собраќај и локални патишта и Образложение.

**1. Испекциски надзор**

Испекцискиот надзор ќе се врши како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор

Инспекциски надзор ќе биде вршен во сите области од делокругот на работа, а со цел доследно спроведување на прописите од страна на субјектите над кои се извршува надзорната функција согласно тоа инспекторот е должен :

- **<u>да врши редовен инспекциски надзор</u>** и тоа на:
  - превозниците кои вршат бесправен авто-такси превоз на патници со настојување за негова легализација
    *Рок: континуирано јануари – декември;*
  - превозниците кои вршат бесправен општински линиски превоз на патници
    *Рок: континуирано јануари – декември;*
  - превозниците кои вршат бесправен посебен линиски превоз на патници со настојување за негова легализација
    *Рок: континуирано јануари – декември;*
  - превозниците кои вршат општински линиски превоз на патници и тоа во поглед на исправноста на документите кои го следат превозот (лиценци, изводи од лиценци, дозволи за линии, почитување на возните редови)
    *Рок: Конттинуирано јануар, декември;*
  - превозниците кои вршат посебен линиски превоз на патници и тоа во поглед на исправноста на документите кои го следат превозот (лиценци, изводи од лиценци, дозволи, почитување на возните редови, договорот со списокот на патници
    *Рок: квартално и тоа во месец јануари, април, септември и декември;*
  - исполнување на посебно-техничко експлоатациони услови на возилата со кои се врши општински превоз на патници и авто-такси превоз на патници
    *Рок: Континуирано јаноар-декември;*
  - Контрола на вертикалната сигнализација на општинските улици и патишта. За патиштата и улиците каде што има изработено сообраќајни проекти се контролира вертикалната сигнализација дали е поставена согласно проектите, а за оние каде што нема сообраќајни проекти во разумен рок да се изработат од страна нандлежниот орган во општината.
    *Рок: континуирано јануари – декември;*

- Контрола на дозволите за локации на натписите (рекламни табли) и контрола на терен дали се поставени согласно одобренијата;
  *Рок: континуирано јануари – декември;*
- Контрола на издадените дозволи за надолжни и попречни прекопи на патот заради водење на ПТТ водови, електро и други водови и враќање во првобитна состојба на истиот;
  *Рок: секогаш во тек на годината по доставување на примерок од дозволите од Одделението за Урбанизам,комунални работи,заштита на животна средина и ЛЕР во ЕЛС Конче;*
- Контрола на патиштата во зимскиот период (чистење на снег, посипување со сол и абразивен материјал, и чистење на коловозот по зимско одржување). Контролата ќе се извршува самостојно и во соработка со овластениот Комунален инспектор;
  *Рок: ноември – март;*
- Контрола согласно член 50-а од Законот за јавните патишта. Контролата ќе се извршува самостојно
  *Рок: континуирано јануари – декември;*
- Контрола на дрвјата и на другите шумски и земјоделски насади покрај јавните патишта и дали истите ја попречуваат прегледноста на патот, односно ја загрозуваат безбедноста на сообраќајот на патот. Контролата ќе се извршува самостојно и во соработка со Одделението за Урбанизам,комунални работи,заштита на животната средина и ЛЕР;
  *Рок: април – октомври.*
- Контрола на работите кои се изведуваат на патот или во близина на патот, а кои можат да ја доведат во прашање сигурноста на јавниот пат и безбедноста на сообраќајот- ќе се извршува во текот на целата година.
  *Рок: континуирано јануари – декември;*
- Согласно потпишаниот договор за меѓуопштинска соработка Овлсатениот инспектор за патен сообраќај и патишта ќе врши инспекциски надзор по сите погоре наведени точки;
  *Рок: континуирано јануари – декември по доставено барање од општина Конче со која е склучен договорот;*

➢ **<u>да врши контролни инспекциски надзори:</u>** ќе се вршат за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.

*Рок: континуирано јануари – декември.*

➢ **<u>да врши вонреден инспекциски надзор</u>** и тоа: по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица кога ќе согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за јавните патишта, како и во случај на сомневање на инспекторот за сторена повреда на Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за јавните патишта.

*Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да води управна постапка** и тоа: врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за јавните патишта.

*Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да спроведува постапки за порамнување** и тоа: секогаш кога ќе се согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за јавните патишта.

*Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или прекршочен орган во Министерството за транспорт и врски** и тоа: согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за јавните патишта.

*Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да врши едукација** и тоа: согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за јавните патишта.

*Рок: континуирано по донесување на подзаконските акти од страна на Министерот за транспорт и врски.*

- **да поднесува жалби** и тоа: согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за јавните патишта, Законот за општа управна постапка и Законот за прекршоци.

*Рок: по потреба во текот на годината.*

- **Води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход**;

*Рок: континуирано јануари – декември.*

- **Прима странки**;

*Рок: континуирано јануари – декември*

**2. Обуки:**

Овластениот инспектор за сообраќај и патишта ќе зема учество на семинари,работилници, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони, подзаконски акти, Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за јавните патишта, Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор и нивните измени и дополнувања во тековната 2020 година, во организација на ЗЕЛС, Министерство за транспорт и врски и др. надлежни државни органи и други организации.

-Генерички обуки

**3. Аналитичко- информативна дејност:**

Овластениот инспектор за сообраќај и патишта врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2020 година е должен да доставува податоци за извршена работа до Раководителот на одделение за инспекциски

работи врз основа на тие податоци ќе изготвува месечени извештаи,шестомесечни и годишен извештај кој ќе ги доставува до Градоначалникот.

-месечни извештаи за работата на овластениот инспектор за сообраќај и патишта;

**Рок: континуирано, 2020 година**

- шестомесечни извештаи за работата на овластениот инспектор за сообраќај и патишта за 2020 година;

**Рок: контуинирано, 2020 година**

-годишен извештај за работата на Одделението за инспекциски работи за 2020 година;

**Рок: февруари, 2021 година**

**4. Соработка на Овластениот инспектор за сообраќај и патишта:**

Овластениот инспектор за сообраќај и патишта во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со Инспекторите во Општина Конче, како и со другите Одделенија во Општина Конче, Полициска станица за безбедност на сообраќајот на патиштата при ПС Радовиш, Државен инспекторат за транспорт и други органите на државно и локално ниво, и пред сé со граѓаните на Општина Конче.

**Рок: по потреба во текот на годината**

**5. Нормативна дејност:**

Овластениот инспектор за сообраќај и патишта, по потреба, ќе продолжи и со активностите за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на Општина Конче.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле и разграничиле надлежностите на овластениот инспектор за сообраќај и патишта, а со тоа и нивната теренска работа би била поефикасна.

**6. Цели и начела на делување на инспекторот за патен сообраќај и патишта и Образложение:**

- Овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта (во понатамошниот текст инспектор) врши инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на општинскиот превоз, општинските улици и локални патишта кои се во надлежност на Општина Конче, согласно позитивни законски прописи и општи акти на Република Македонија;
- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;

- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;
- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;
- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;
- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;
- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што осебено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;
- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;
- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;
- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

## 4. Овластен инспектор за животна средина

При изготвувањето на Програмата за работа на овластен инспектор за животна средина за 2020 година се земени во предвид надлежностите на овластен инспектор за животна средина утврдени со материјалните законски и подзаконските акти, нивните измени и дополнувања и тоа:

- Закон за инспекциски надзор (Сл. весник на РМ бр.50/2010, бр.162/10, бр.157/11,147/13, бр.41/14, бр.33/15, бр.193/15 ; 53/2016 ; 11/2018 и 102/2019).

- Закон за животната средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007,159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/10, 51/11; 123/12;93/13; 187/13; 42/14; 44/15 ; 129/15; 192/15; и 39/16 );

- Закон за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр.68/2004, бр.71/2004, бр.107/2007; бр.102/08; бр.134/08; бр.163/13, бр.51/15, бр.146/15, бр.156/15, 39/16 и 63/16);

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, бр.92/07, бр.35/10, бр.47/11, бр.59/12, бр.100/12, бр.163/13,10/15,146/15);

- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 79/07, 124/10, 47/11,163/13 и 146/15 );

- Закон за управување со пакување и отпад од пакување (Сл. Весник на РМ бр.161/2009, 17/11, 47/11, 79/11, 06/12, 39/12,163/13,146/15 и 39/16);

- Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (Сл. Весник на РМ бр. 140/2010, 44/11,47/11, 39/12,163/13,146/15 и 39/16);

- Закон за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 6/09, 161/09,83/10, 51/11,118/11, 44/12, 23/13,163/13,180/14,146/15 и 52/16);

- Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема(Сл. Весник на РМ бр. 6/12,163/13,146/15 и 39/16);

- Закон за постапување по преставки и предлози („Сл.весник на РМ" бр.82/08, 56/09, 13/13 , 156/15 и 193/15)

-Закон за административни службеници ((Сл. весник на РМ бр.27/2014, 48/15, 154/15,5/16, Одлука У.Број: 147/2014-0-1 од 13.04.2016, Одлука У.Број: 74/2014-0-1 од 29.06.2016, Сл. весник на РМ 142/2016, Одлука У.Број: 163/2014-0-1 од 27.12.2016 и Одлука У.Број: 121/2015-0-1 од 01.02.2017 ).

Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополненија на наведените, кои ќе се донесат во 2020 година а се во надлежност на Овластениот инспектор за животна средина.

Програмата опфаќа задачи и активности кои ќе ги извршува еден Овластениот инспектор за животна средина во текот на 2019 година и е систематизирана по области и тоа: инспекциски надзор, обуки и работни состаноци, аналитичко- информативна дејност, соработка со другите Одеденија од Општина Конче и другите органи на државно и локално ниво, нормативна дејност за имплементација на материјалните закони и Законот за општа управна постапка, како и Законот за инспекциски надзор,цели и начела на делување на Овластениот инспектор за животна средина и Образложение.

**1. Инспекциски надзор:**

Ако со Закон не е поинаку уредено, инспекцискиот надзор инспекторот го врши преку:
- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор

Овластениот инспектор за животна средина на Општина Конче е овластен да врши инспекциски надзор, над правни и физички лица, како и на инсталациите, објектите и на средства и опрема за вршење на дејноста и активноста на правните субјекти согласно тоа инспекторот е должен :

**<u>да врши редовен инспекциски надзор</u>** и тоа на:

- контрола на документација;
- контрола на суровини, материјали и енергии произведени или употребени од страна на правниот субјект;
- увид во простории како и на приватниот имот околу објектот кој е предмет на контрола;
- утврдување дали правниот субјект според активностите и видот на производство подлежи на издавање на Б- интегрирана еколошка дозвола
- утврдување на капацитетот на правниот субјект и производството по просечна вредност на квартална основа;
- утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и вибрации како и податоци за цврст и течен отпад;
- утврдување дали правниот субјект согласно дејноста која ја врши подлежи на изработување на елаборат за заштита на животната средина согласно уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината и др.

- **<u>да врши контролни инспекциски надзори:</u>** ќе се вршат за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.

*Рок: континуирано јануари – декември.*

- **<u>да врши вонреден инспекциски надзор:</u>** по поднесени пријави и иницијативи од државни органи, физички и правни лица кога ќе согледааат неправилности согласно законските одредби, како и во случај на сомневање на инспекторот за сторена повреда на Законот.
*Рок: континуирано јануари – декември.*

- **<u>да води инспекциска постапка</u>**: врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија согласно одредбите од Законите каде има недлежност.
*Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд** и тоа: согласно одредбите од Законите каде има надлежност.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*
- **да врши едукација** и тоа: согласно одредбите од Законите каде таквата мерка е пропишана.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*
- **да поднесува жалби** и тоа: согласно одредбите од Законите каде има надлежност.
  *Рок: по потреба во текот на годината.*
- **води евиденција за покренатите постапки и за нивниот исход**;
  *Рок: континуирано јануари – декември.*
- **Прима странки**;
  *Рок: континуирано јануари – декември*

**2. Обуки:**

Овластениот инспектор за животна средина ќе зема учество на семинари,работилници, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони, подзаконски акти, Закон за животната средина,Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор и нивните измени и дополнувања во тековната 2020 година, во организација на ЗЕЛС, и др. надлежни државни органи и други организации.

-Генерички обуки

**3. Аналитичко- информативна дејност:**

Овластениот инспектор за животна средина врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2020 година е должен да доставува податоци за извршена работа до Раководителот на оделение за инспекциски работи врз основа на тие податоци ќе изготвува месечени извештаи, шестомесечни извештаи и годишен извештај кој ќе ги доставува до Градоначалникот на општина Конче.

-месечни извештаи за работата на Овластениот инспектор за животна средина;

**Рок: континуирано, 2020 година**

- шестомесечните извештаи за работата на Овластениот инспектор за животна средина за 2020 година;

**Рок: контуинирано, 2020 година**

-годишен извештај за работата на Одделението за инспекциски работи за 2020 година;

**Рок: февруари, 2021 година**

**4. Соработка на Овластениот инспектор за животна средина:**

Овластениот инспектор за животна средина во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со Инспекторите во Општина Конче, како и со другите Одделенија во Општина Конче, и други органи на државно и локално ниво, и пред сé со граѓаните на Општина Конче.

**Рок: по потреба во текот на годината**

**5. Нормативна дејност:**

Овластениот инспектор за животна средина, по потреба, ќе продолжи и со активностите за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на Општина Конче.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле и разграничиле надлежностите на овластените инспектори за животна средина, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно ефикасни.

**6. Цели и начела на делување на Овластениот инспектор за животна средина:**

- Овластениот инспектор за животна средина (во понатамошниот текст инспектор) врши инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на животната средина кои се во надлежност на Општина Конче, согласно позитивни законски прописи и општи акти на Република Македонија;
- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;
- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;
- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;
- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;
- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;
- При вршење на инспекциското надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со

закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што осебено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;

- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;
- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;
- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

**7.Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа Овластениот инспектор за животна средина се предвидува превземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од обласка на животната средина и подобрување на условите за живот на граѓаните во Општина Конче.

Изработил
Раководител на Одделение
за инспекциски работи
Благој Јованов

Бр.09-1462/1
Дата.16.12 2019год.
Конче

Општина Конче
Градоначалник
Благој Илиев